# Само една порака

**д-р Наци бин Ибрахим Ел Арфец**

# Подарок

- За оние кои искрено и сериозно трагаат по вистината.
- Посветено на разумните

# Содржина на книгата

Прашања пред читањето 4

Во срцта на темата 4

Единствениот Вистински Бог во Библијата (Стариот завет) 16

Единствениот Вистински Бог во Библијата (Новиот завет) 17

Единствениот Вистински Бог во Куранот 18

Заклучок 20

Завршна мисла 27

# Прашања пред читањето

1) Која е целта на оваа единстена порака?

2) Што за неа вели Светата Книга?

3) Што за неа вели Куранот?

4) Кое е твоето мислење за неа после сето тоа?

# Во сржта на темата

По создавањето на Адем, во текот на историјата, една исконска порака му беше доставувана на човештвото Со цел потсетување на луѓето на оваа порака и нивно враќање на правиот пат, единствениот вистински Бог праќал пратеници и веровесници, како Адем, Нух, Ибрахим, Муса, Иса и Мухамед за да ја достават оваа единствена порака:

# Бог е Еден
# единствен и Него
# обожувајте го
# ги прати со оваа порака
# сите Божји Пратеници

------ Нух (Ное)        Вашиот бог е Еден и само него обожувајте го

------Ибрахим (Абрахам)      Вашиот бог е Еден и само него обожувајте го

------Муса (Мојсеј)      Вашиот бог е Еден и само него обожувајте го

------Иса (Исус)       Вашиот бог е Еден и само него обожувајте го

------Мухамед      Вашиот бог е Еден и само него обожувајте го

Аллах ги пратил најодбраните пратеници (Улул-Азм), како и други пратеници за кои знаеме и за кои не знаеме и ги обврзал со неколку должности меѓу кои:

1) Примање на Божјата објава и нејзино доставување до нивните народи и следбеници.

2) Да ги научат луѓето за Аллаховото едноштво и за Неговото искрено обожување.

3) Отелотворување на убавиот пример со зборови и дела, кого луѓето ќе го следат на нивниот пат кон Аллах.

4) Насочување на нивните следбеници кон богобојазливоста, покорноста кон Бога и следење на Неговите наредби.

5) Подучување на нивните следбеници за прописите на верата и за моралното однесување.

6) Упатување на грешниците и многубошците кои обожуваат идоли и упатување на другите.

7) Информирање на луѓето дека ќе бидат проживеани по смртта, дека ќе одговараат на Судниот ден за нивните дела. Тој што бил верник во единствениот Бог и чинел добрини неговата награда е рајот. Другиот

што верувал во многу божества и бил грешен неговото место е пеколот.

Еден единствен Бог ги создал и ги испратил пратениците и веровесниците Сиот универзум и се што создал потврдуваат за Создателот и сведочат за Неговото едноштво. Тој е Создател на вселената и на се што постои на луѓето, животните и сите битија. Тој е Создател на смртта и на минливиот и вечниот живот.

Светите списи на евреите, христијаните и муслиманите, сите тие го потврдуваат постоењето на Бог и Неговото едноштво.

Трагачот по вистината, кој искрено и објективно, го истражува поимот Бог во светите книги и во Куранот, лесно ќе ги забележи уникатните својства кои му припаѓаат единствено на вистинскиот Бог. Еве неколку од тие уникатни својства

1) Вистинскиот Бог е Создател и не е создаден.

2) Вистинскиот Бог е Еден, нема придружници, не е многуброен, не родил ниту е роден.

3) Вистинскиот Бог е над секоја претстава на луѓето за Него. На овој свет Тој е невидлив е за окото.

4) Вистинскиот Бог е вечен, не умира, не се инкарнира ниту пак се отелотворува во нешто што Тој го создал.

5) Вистинскиот Бог единствен во неговото постоење, нема потреба од оние што ги создал. Нема татко ниту мајка, нема сопруга ниту потомство, нема потреба од храна, пијалок ниту пак му е потребна помош. Но другите кои Тој ги создал имаат потреба од Него.

6) Аллах е единствен во своите уникантни својства на совршеност и убавина и нема придружник ниту пак сличен на Него, Никој и ништо не му се рамни на Бога.

Овие својства и критериуми (како и другите кои се уникатни особености на Вистинскиот Бог) можеме да ги употребиме во негирањето и отфрлањето на сите тврдења за божественост.

Сега дозволете ми да и се вратам на единствената порака, спомната погоре, и да наведам цитати од Библијата и Куранот кои го потврдуваат Божјото едноштво. Но пред да го направам тоа дозволете ми да споделам една мисла со вас.

**Можеби некои христијани зачудено ќе се прашаат: Очигледно е дека Бог е еден, и ние веруваме во еден Бог. Тогаш што е поентата?**

Вистината е дека врз основа на моите обемни истражувања и читања поврзани со христијанството, како и врз основа на моите бројни дискусии со христијаните, заклучив дека Бог во нивното верување се состои од:

1) Бог-Отец.

2) Бог-Син.

3) Бог-Свет Дух.

Здравиот разум и едноставната логика го поттикнуваат објективниот истражувач да го постави ова прашање:

- Што значи вашата изјава Бог е еден, додека од друга страна упатувате на постоење на три божества?
- Дали Бог е едно божество инкарнирано во три или се три божества инкарнирани во еден бог? (1 во 3 или 3 во 1)?

Згора на тоа според некои христијански догми овие три божества имаат различни функции, суштини и ликови

1) Отецот е Создател

2) Синот е Спасителот

3) Светиот дух е Советодавателот, почитуваниот

Тврдењето дека Исус е божји син и дека е дел од Бога е контрадикторно со она што го тврдат библиските искази дека никој не може да го види Бог. На овој свет :

„А вие ни гласот Негов никогаш не сте го чуле, ниту лицето Негово сте го виделе.“

(Јован, 5:37)

„Кого никој од луѓето не Го видел, ниту може да Го види.“

(Прво послание на светиот апостол Павле до Тимотеја, 6:16)

„Но лицето Мое не ќе можеш да го видиш, зашто не може човек да Го види лицето Мое и да остане жив.“

(Исход, 33:20)

Базирајќи се врз овие, но и врз други текстови од светите списи, искрено и со чесност се чудам и прашувам како да ги усогласиме: тврдењата дека Исус е Бог и текстовите на Библијата кои потврдуваат дека никој не го видел Бога, ниту пак го слушнал Неговиот глас?!

- Зарем Евреите во неговото време, неговото семејство и неговите следбеници, не го виделе Исус Месијата (Синот-Бог како што некои веруваат) и не го слушнале неговиот глас?

- Како е можно Библијата да тврди дека Бог, никој не може да го види ниту да го чуе и во исто време да има такви кои го виделе Исус и го чуле и да тврдат дека тој е Бог или Син Божји? Постои ли

скриена тајна која се однесува на вистината за Бог?

Библијата ни го пренесува говорот Божји кој недвосмислено тврди: „Он вели: Јас сум Господ, и нема друг.“ Не говорев тајно Јас, не во темно место на земјата; ...Јас сум Господ, Којшто изрекува правда, Којшто ја открива вистината.“ (Исаија, 45:18-19)

**Тогаш која е вистината?**
Ве молам прочитајте го предходниот текст неколку пати и добро размислете.

Сега, ајде да тргнеме на патување, со цел да ја бараме вистината за Бога во Библијата и во Куранот. На крајот на ова патување би сакал да ги дознам вашите ставови и мислења, откако критички, објективно и правично ќе размислите за цитатите од Библијата и Куранот кои ќе ги спомнам во оваа книга.

Заради објективност ќе ги наведам цитатите без коментар и со надеж дека истите ќе ги читате објективно, без предрасуди и поранешни ставови.

## Единствениот Вистински Бог во Библијата (Стариот Завет)

- Почуј, Израиле: Господ, нашиот Бог, е единствен Господ,

(Повторени закони, 6:4)

- „Нели Единиот Бог нѐ создаде?“

(Малахија, 2:10)

- „...за да знаете и да Ми верувате, да разберете дека сум тоа Јас: пред Мене немаше Бог, и по Мене нема да има. Јас, Јас сум Господ, и нема Спасител освен Мене.“

(Исаија, 43:10-11)

- „Јас сум првиот, Јас сум и последниот; освен Мене нема Бог; зашто кој е како Мене?“

(Исаија, 44:6)

- „Нема друг Бог освен Мене, – Бог праведен и Кој спасува, нема освен Мене.“

(Исаија, 45: 21)

## Дали можеш да спомнеш други слични цитати?

### Единствениот Вистински Бог во Библијата (Новиот Завет)

❖ „А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исуса Христа.“.

(Јован, 17:3)

❖ „На Господа, твојот Бог, да Му се поклонуваш и само нему да Му служиш!“

(Матеј, 4:10)

❖ „Чуј, Израиле! Господ, Бог наш, е еден Господ.“ „Добро, Учителе. Право кажа дека Бог е еден, и дека нема друг, освен Него.“

(Марко, 12:29 и 32)

❖ „Зашто еден е Бог, и еден е Посредникот помеѓу Бога и луѓето – Човекот Христос Исус.“

(Прво послание на светиот апостол Павле до Тимотеја, 2:5)

❖ И ете, еден човек, кога пристапи до Него Му рече: „Учителе добар, какво добро треба да направам за да имам живот вечен?” А Он му одговори: „Зошто Ме наречуваш добар? Никој не е добар освен единиот Бог. (Матеј, 19: 16-17)

Дали можеш да споменш други цитати кои потврдуваат дека Бог е еден?

(И дека нема три Бога)

## Единствениот Вистински Бог во Куранот

❖ Кажи: „Тој е Аллах, Еден е! Аллах е прибежиште секому! Не родил и не е роден, и никој не Му е рамен!“

(Ел Ихлас, 1-4)

- „Нема бог освен Мене, затоа Мене обожувајте Ме!“

(Ел Енбија, 25)

- „Неверници се тие што велат: „Бог е дел од тројството!“ А само еден е Бог! И доколку тие не се откажат од тоа што го велат, неиздржливо страдање, навистина, ќе го стигне секој од нив кој неверник ќе остане.“

(Ел Маида, 73)

- „...вашиот Бог навистина е Еден“.

(Ес Сафат, 4)

- „Зарем покрај Аллах постои друг бог?! Кажи: Докажете ако ја зборувате вистината!“ (Ен Немл, 64)

Навистина, оваа порака која се однесува на едноштвото на Бог (Тевхид на арапски) е основната тема на Благородниот Куран.

# Заклучок

Овие текстови како и стотици други докази од Библијата и Куранот недвосмислено потврдуваат дека Бог е само еден и нема други божества, и самата Библија вели: „Чуј, Израиле! Господ, Бог наш, е еден Господ.“ (Марко, 12:29) И Благородниот Куран ја потврдува оваа точка во божјиот говор: (Кажи: „Тој е Аллах, Еден е!) (Ел Ихлас, 1)

Библијата не само што потврдува дека Бог е еден, туку исто така потврдува дека тој е Создател и единствениот спасител„за да знаете и да Ми верувате, да разберете дека сум тоа Јас: пред Мене немаше Бог, и по Мене нема да има. „Јас, Јас сум Господ, и нема Спасител освен Мене.“ (Исаија,43:10-11).

Со ова се потврдува дека тврдењата за божествената природа на Исус и на Светиот дух немаат поткрепа ниту доказ. И

тие се создадени од Бога и ништо не е во нивни раце. Не се божества ниту пак форми на манифестација, инкарнација и прикажување на Вистинскиот Бог. Никој и ништо не му се рамни на Бога како што тврдат и Библијата и Куранот.

Заради таквите лажни верувања и идолопоклонство зе разгоре гневот на Вистинскиот Бог. „И се разгори гневот Господов против Израилот.“ (Броеви, 25:3) Мојсеј (Муса) го парчоса нивното златно теле.

Од друга страна една група на христијани кои веруваа во идејата за Еден Вистински Бог (есенјаните и рахохристијанската унитарна заедница) беше изложена на мачење и прогон, затоа што одбиваа да ги променат монотеистичките пораки на Исус и го негираа тројството кое го воведе Павле и неговите следбеници.

Да резимираме, сите божји пратеници Адам (Адем), Ное (Нух), Аврам (Ибрахим), Мојсеј (Муса), Исус (Иса) и Мухамед, Божјиот мир нека е со нив, биле пратени да ги повикуваат луѓето да веруваат во само еден Бог, само нему искрено да му се покоруваат и да го обожуваат, Ова е нивната заедничка порака:

**Вистинскиот Бог е само еден, и само Него обожувајте го.**

И верата на сите пратеници и веровесници е една затоа што и нивната порака со која биле пратени е една. Па која е верата на Божјите пратеници и веровесници?

Суштината на нивната порака се темели врз „предавање/покорност“ на Бога. Овој збор најдобро го претставува значењето на зборот „ислам“ во арапскиот јазик.

Куранот потврдува дека Исламот е вистинската вера на сите пратеници и веровесници и на ова укажува и самата Библија **(Оваа вистина ќе биде тема на нашата следна книга)**.

На крајот, доколку сакаме спасение должни сме искрено и без најмалку сомнеж

да ја прифатиме и да веруваме во оваа порака. **Сепак тоа не е доволно!** Должни сме да веруваме во сите Божји пратеници и веровесници. **(Тоа подразбира и верување во Божјиот пратеник Мухамед, божјиот мир нека е над него)** Следење на нивните упатства и учења. Ова е патот кон вечната среќа.

Па, доколку искрено и објективно трагаш по вистината, зошто сега, пред да стане доцна, не би размислил за ова прашање. Пред смртта која ненадејно доаѓа! Кој знае кога?

По долго размислување и повторно согледување на ова многу важно и одлучувачко прашање, со здрав разум и чисто срце ќе можеш да заклучиш дека Бог е еден, му нема рамен ниту пак има

потомство, во Него ќе веруваш и Него ќе го обожуваш и ќе поверуваш дека Мухамед е пратеник и веровесник, како што тоа беа Ное (Нух), Аврам (Ибрахим), Мојсеј (Муса) и Исус (Иса).

- Сега, можеш, доколку сакаш, да ги изговориш овие зборови:

**Сведочам дека Аллах е единствен Бог (достоен за обожување) и дека Мухамед е Аллахов пратеник.**

Оваа изјава е првиот конкретен чекор на патот кон вечната среќа и е вистинскиот клуч за рајските порти.

Ако си решил да тргнеш по овој пат, можеш да побараш помош од твојот пријател или сосед муслиман. Посети ја најблиската џамија или исламски центар или доколку сакаш контактирај ме телефонски или писмено. Ќе ми биде чест.

**(Кажи: „О, робови Мои кои кон себеси во гревовите претерувавте, не губете надеж во Аллаховата милост! Аллах, сигурно, сите гревови ќе ви ги прости; Тој, навистина, многу простува и Тој е Милостив. И вратете Му се на Господарот свој и покорете Му се пред казната да ви дојде – потоа никој нема да може на помош да ви дојде. И следете го тоа најубавото, тоа што Господарот ваш ви го објавува, пред ненадејно казната да ви дојде, за чие доаѓање нема да знаете.. )** (Ез Зумер, 53-55)

## Уште оваа... Завршна мисла

*По читањето на оваа единствена порака разумните, сериозните и искрените ќе се запрашаат:*

- *Која е вистината?*
- *Што е погрешно?*
- *Што да се работи?*

За овие и за други прашања ќе расправам во моите идни дела, со Божја дозвола.

Секоја промена и корекција е добродојдена.

Are You Curious?

If you are curious and interested in discovering more information about Islam, please visit our website:

www.discoveritsbeauty.com

Feel free to e-mail your questions or feedback to:

info@discoveritsbeauty.com